Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ -

**Архивски број:** 0802-48/52
**Датум:** 06.04.2023

Врз основа на член 30 став (1) од Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" бр. 18/20) и врз основа на Предлогот за доделување на финансиски средства на Комисијата за доделување на финансиски средства од Фондот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците бр.0802-48/51 од 06.04.2023 година, Директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за доделување на финансиски средства од Фондот на финансиски средства на Агенцијата за остварување на правата на заедниците

1. Комисијата за доделување на финансиски средства од Фондот на финансиски средства на Агенцијата за остварување на правата на заедниците започна со работа и оценување на поднесените проектни апликации од страна на здруженијата и фондациите. Од вкупно 39 пристигнати апликации, Комисијата за 30 поднесени апликации утврди поднесена комплетна документација и спроведе нивно детално оценување, додека за 9 поднесени апликации утврди поднесена непотполна документација поради што Комисијата не спроведе нивно детално оценување.

2. Врз основа на спроведеното оценување на пристигнатите проектни апликации од страна на Комисијата и изготвениот Предлог за доделување на финансиски средства од Фондот на финансиски средства на Агенцијата за остварување на правата на заедниците бр.0802-48/51 од 06.04.2023 година, **Директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците одлучи** доделување на финансиски средства за следните наведени проекти:

| Р. бр. | Организација | Проект | Доделени средства од АОПЗ |
|---|---|---|---|
| 1. | Здружение на граѓани за млади, демократија и човекови права Уфук - Скопје | Свечена академија по повод 21 Декември – ден на наставата на турски јазик | 290.000 денари |


Агенција за остварување на правата на заедниците
Влада на Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски" бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3253 971
www.aopz.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Здружение на унгарците во Македонија – Теледом | Презентција на културното творештво на унгарската заедница во Македонија | 280.000 денари |
| 3. | Српски културен центар – СКЦ | Денови на српска култура во Македонија | 270.000 денари |
| 4. | Културно образовно и хуманитарно здружение Чинартурк – Валандово | Школа за демократија и човекови права | 250.000 денари |
| 5. | Центар за европски истражувања Еуропроспера - Скопје | Евроинтеграциskiот процес и правата на помалкубројните заедници во РСМ-предизвици предности и перспективи | 250.000 денари |
| 6. | Здружение за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ | Меѓународна конференција-Состојбата на Власите во Балканот | 240.000 денари |
| 7. | Сојуз на извидници на Македонија | Достигни ги височините | 240.000 денари |
| 8. | Здружение за рурален развој локална акциска група АБЕР 2015 | Скриена Убавина | 240.000 денари |
| 9. | Заедница на Хрвати во РСМ | Утврдување на форми на финансирање и дигитализација во процесот на зачувување на културата на Хрватската заедница | 230.000 денари |


Агенција за остварување на правата на заедниците
Влада на Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски“
бр. 11, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3253 971
www.aopz.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | и останатите помалубројни заедници во РСМ | |
| 10. | Асоцијација за демократски развој на ромите – Сонце | Бравалипе | 220.000 денари |
| 11. | Центар за напредни истражувања – Скопје ЦНИ | 25 години РКЗНМ – искуство и предизвици во РСМ | 200.000 денари |
| 12. | ДИВАНХАНА | Интеграција на бошњаците во отворените општества | 200.000 денари |
| 13. | Здружение на стопанственици – Мандра Скопје | Превод на влашки јазик на лектирата за 3 одд. – Децата од моето училиште од авторката Јадранка Клисарова | 90.000 денари |

3. Против оваа Одлука незадоволните здруженија и фондации имаат право да поведат управен спор во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката.

**ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

Еран Куртиш

Изработил: Лидија Јакимовска – Помлад соработник за изработка на програми, планови и решенија од службенички и работен однос

Одобрил: Владимир Стојановиќ – Раководител на Одделение за усогласување и координација на работата на органите на државната управа и промоција на правата на заедниците